# 365 ДЕНА ПРОМЕНИ ШТО НОСАТ ИДНИНА

## ОТЧЕТ НА ОПШТИНА КОНЧЕ



ноември 2022 година



Почитувани сограѓани,

Како што ветивме така ја реализираме првата година , безпоштедна битка за повеќе резултати , со нови сили за промени ,за проекти за нова иднина. Локалната самоуправа добива нов лик со изразен квалитет. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт преку која нивните потреби се задоволуваат согласно можностите и приоритетите во општината. Ваквата комуникација станува пракса , неопходна и претставува гаранција за успешна работа , која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн. Создаваме нова иднина , со промени за општина со нова инфраструктура , нова перепектива за сите генерации со нови проекти во сите области.

Дигитализација на општинските услуги ни е приоритет за овозможување на граѓаните да ги доставуваат своите документи по електронски пат и да вршат плаќање на даночните и други обврски на ист начин, со цел заштеда на време и поквалитетни услуги од општинската администрација. Реализацијата на проектот е меѓуопштинска соработка со општина Радовиш
**„ Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче"**

Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани граѓани – подготвени за современите предизвици.

Одржувањето на јавната чистота,санирање на диви депонии на територијата на општина Конче се врши перманентно преку капацитетите на ЈПКД Лакавица ,Конче, со чистење на општината ќе направиме подобар изглед на општината со создавање услови за поздрава и чиста животна средина.

Во делот на водоснабдувањето се прават напори за функционални системи со постојано водснабдување на граѓаните во сите населени места со реализирани проекти:

- „Реконструкцијата на довод со каптажи на систем за водоснабдување за с.Ракитец,, и

- „Реконструкција на потисен цевковод од пумпна станица до резервоар за с.Габревци,

се со цел проблемите со водоснабдување да бидат надминати и во сите места да се доизградат или модернизираат изградените водоводи и да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од општина Конче.

Во делот на системи за фекална канализација се започнува проект за - **„Доградба на систем за фекална канализација за с.Конче„** ,со продолжување на колектор за фекална канализација во должина од 3 км.

- Реконструкција на дел од фекална канализација за с.Долни Липовиќ

Важен предуслов за економскиот развој на една земја е добра патна инфраструктура. Затоа во општината Конче неопходна е понатамошна реализација на нови инвестициски проекти од областа на патната инфраструктура, како и континуирано одржување, заштита и рехабилитација на постојните изградени сообраќајни површини како што е :

- Реконструкцијата на локален пат с.Долни Липовиќ - с.Горни Липовиќ, во должина од 3,6 км.

Исто така во претходниот период од една година реализиравме изградба на улици во општина Конче ,каде извршивме:

- „Изградба на улици 5,6 и 16 во с.Габревци во должина од 350м.

Општина Конче според својата географска положба како и големиот број на природни и создадени вредности има солидна основа за туристички развој и прераснување во интересна туристичка дестинација. Општината располага со силни можности за градење на автентичен рекреативен, алтернативен, рурален и религиозен манастирски туризам.

Во фаза на изведба е проект - „Доградба и уредување на конаците во манастирот **„Св.Стефан";**
Грижата кон граѓаните претставува приоритет каде во Програмата за социјална заштита се донесени одлуки и започната исплата на одредени категории:

- **„Доделување ваучер во вредност од 100,000 денари.**
**согласно програма за социјална заштита за склучување на брак на лица со возраст над 35 години„.**

- Исплата на еднократен надоместок за новороденче:
**Прво дете -10,000 денари**
**Второ дете-20,000 денари**
**Трето дете- 30,000 денари**



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

•Дигитализација на општинските услуги преку проект **"Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги наопштините Радовиш и Конче"** со учество од 100,000 денари.





• **САЕМ ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ЛАГ ЕКСПО 2022**, за прв пат од ваков вид во Република Македонија, на кој и Нашата Општина Конче учествуваше со изложба на свои локални производи










# ЖИВОТНА СРЕДИНА







•Зимско одржување на улици и патишта на територијата на општина Конче



•Од страна на ДЗС се одржа практичниот дел од основната обука за заштита и спасувањево Општина Конче

•- Основната обука е реализирана од страна на Дирекцијата за заштита и спасување со просторните сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, особено за претстојната сезона на пожари.

Од страна на ЦУК на РМ беа донирани повеќе средства за справување со шумски пожари на ДПД „Горици Оператива" од Општина Конче





• Општина Конче со организацијата Man And Mountain, како и компаниите: Рудник Боров Дол,Пакомак , Пивара Скопје, ЈПКД Лакавица ја организираа еко акцијата Генералка Викенд.

Во акцијата беа вклучени вработени во Рудникот Боров Дол,вработени во Рудникот Бучим,вработените од ЈПКД Лакавица, Клубот за подводни дејности „Охрид" од Охрид ,дел од вработените во Општина Конче, Злрд Студенец Конче како и сите заинтересирани граѓани, кои со заеднички сили собраа големи количини отпад на повеќе локации на локалитетот „Влашки Колиби" , Езеро Мантово и викенд населбата Мантово .



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА



• Хортикултурно и партерно уредување на влезот во Општина Конче



• Чистење на речните корита во Село Долни Липовиќ и Конче



• Реализиран проектот за јавни работи . Беа реализирани следните активности:
*Уредени околу 35 километри локални патишта,
*Расчистени и одбележани три моста,
• *Уредени три автобуски постројки,
*Уредени школски дворови и јавни површини во ООУ „Гоце Делчев" Конче и останатите подрачни училишта,
* Уредена поголема јавна површина во сите населени места.



•Поставена урбана опрема на територија на општина Конче (клупи,жардињери и корпи за отпадоци) во вредност од 145,783 денари.

•Проектирање ,набавка и монтажа на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија на кровот од ООУ" Гоце Делчев" -Конче
Овој проект е во фаза нареализација кој очекуваме да биде завршен до крајот на годината со што ќе се обезбеди електрична енергија за потребите на училиштето , а секако со тоа се очекува зголемување на приходите во иднина.

# ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

•Решено прашањето со водоснабдување за с.Дедино , сонабавка на електромотор и обезбедување на доволни количини на вода за пиење за граѓаните од с.Дедино.



•Општина Конче обезбеди резервна потопна пумпа и мотор за систем за водоснабдување за с.Дедино со помош на Рудник "Боров Дол" и ЈПКД"Лакавица"-Конче во вредност од 450,000 денари.

•Реконструкција на систем за водоснабдување во село Ракитец во врдност од 3,237,582 денари.





(Завршена реконструкција на довод и две каптажи на систем за водоснабдување во с.Ракитец ,општина Конче)





•Реконструкција на водоснабдителни системи во сите населени места наопштина Конче;

• Реконструкција на систем за водоснабдување во с.Габревци (Изградба на потисен цевковод од пумпна станица до резервоар за с.Габревци,општина Конче со вкупна вредност од 6,925,465 денари)







# КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ





•Доградба на систем за фекална канализација - Конче (Во фаза на реализација на доградба на систем за фекална канализација во вредност од 21,000,000 денари , со кој се решава прашањето со отпадни води за населено место Конче )

• Реконструкција на крак на канализациона мрежа во село Дедино во вредност од 500,000 денари.

# ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Локални патишта

•Реконструкција на локален пат с.Долни Липовиќ-с.Горни Липовиќ, во должина од 3,6 км ,со вредност од 21,000,000 денари.



•Изградба на улици 5,6 и 16 во с.Габревци во должина од 350м.со вредност од 3,600,000 денари.



•Изградба на инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште со кој се санирани и уредени 2,900 м² полски патишта со вредност од 679,198 денари.



•Изградба на плочест пропуст на Дединска река со вредност од 3,600,000 денари.



•Изградба на улици 1, улица 2, улица 3 и улица 4 во с.Конче во должина од 500м. во вредност од 2,000,000 денари



• Санирање на улици и локални патишта со зимско одржување во сите населени места во општина Конче со вредност од 925,000 денари .



• Партерно уредување на јавни површини во општина Конче -поплочување на тротоари и улици со површина од 2,550м² со вредност од 5,988,500 денари.











## ОБРАЗОВАНИЕ

•Проект за меѓуетничка интеграција во образованието поддржано од USAID, во посета на Локалната Самоуправа и Советот на Општина Конче

•Од страна на Конфедерецијата на Балканско - Румелиските Турци од Р. Турција, предводена од страна на Претседателот Сабри Мутлу и заменик Претседателот Зулфетин Хаџиоглу и други претставници од Федерацијата, на учениците од ООУ ,,Гоце Делчев" од Конче беа поделени вкупно 250 училишни ранци и училишни прибори.

• Социообразовна подршка на училишни деца од руралните семејства ,проект во вредност од 449,000 денари.





## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

•Еднократна парична помош на семејства Општина Конче доделува ваучер во вредност од 100,000 денари. Согласно програма за социјална заштита за склучување на брак на лица со возраст над 35 години.




•Спроведување на социјалната мерка за субвенционирање на новороденчиња.

- По истата мерка се исплатени 220,000 денари за субвенционирање на новороденчиња за 2022 година со исплата на еднократен надоместок за новороденче и тоа за:
Прво дете -10,000 денари
Второ дете-20,000 денари
Трето дете- 30,000 денари



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# СПОРТ И МЛАДИ

•Традиционално после две години пауза се спроведе турнирна отворено под рефлектори „Турнир во мал фудбал Konче 2022".





•Општина Конче како приоритет си има поставено поддршка за раст и развој на клубот БК Бучим Шампиони од Конче кој веќе постои неколку години и веќе нижи резултати на републички и меѓународни настапи, како што беше настапот на турнирот кој што се оддржа во Неготино , каде од настапот на седум учесници беа освоени шест сребрени медали и еден златен медал.







# ТУРИЗАМ

•Доградба и уредување на конаците во манастирот „Св. Стефан";После подолго време ќе биде завршена изградбата на конаци во манастир Св. Стефан во Конче со вкупна вредност од 5,190,000 денари.







# КУЛТУРА

•Спортско-културна програма по повод прославата на празникот на Општина Конче 12 Јули- Петровден , со настап на реномирани пејачи и естрадни уметници , членови на , ФА „Конечанка" од Конче и други учесници .







365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

•Под покровителство на МЗШВ на РМ и во соработка со ЗРРР Блесок од Радовиш и повеке учесници на КУД од Конче и Радовиш , успешно беше спроведен проектот „ ОД ЗРНО ДО ПОГАЧА ", на кој беше изложена прекраснататрадиционална храна од нашето поднебје.











•Меѓунарониот Детски Фоклорен Фестивал „Оро Весело" во организација на Ф.А. „ Бучим " Радовиш со учество на повеќе од дваесет Ф.А. од Р.Македонија и од соседните земји, која се оддржа и во Општина Конче

•На ден 07.10.2022 со почеток од 19.00 часот во салата за културни манифестации во Општина Конче, Оркестар Александар од Австрија за традиционална македонска музика и игри , оддржа мини концерт во општинската сала ,збогатена со дел од нашите културно уметнички друштва.














# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

•Делегација од Општина Бојуккариштиран од Турција во посета на Општина Конче.





•Хрватската амбасада, односно Амбасадорката **г-ѓа Нивес Тигањ** на 20 доброволни противпожарни друштва од Република Македонија меѓукои и Дпд Горици Оператива , им беа донирани повеќе
комплети на противпожарни одела против шумски пожари.







•На 17 декември општина Кончеја имаше честа да биде посетена од Амбасадорката на САД **г-ѓа Кејт Брнс**.







•Бевме посетени од заменик Градочалничката на Општина Ергене, Ayca Albayraktar, помошник Градоначалникот Juksel Baydarli и советниците Merdin Cantas и Dogan Durmaz. Продолжуваме да ја негуваме одличната соработка со нашите долгогодишни пријатели од Република Турција.



•Претставници од бизнис центри за рурален р
и претставници на ЛАГови од регионите Голве, ..
Корк од Ирска и Исконска Финска и Усима од Финска беа во посета на општина Конче за да се запознаат со можностите кои ги нудиме, како и со потешкотиите со кои се соочуваме и да разговараме за можностите за понатамошна соработка помеѓу заедниците. Посетата беше организирана и поддржана од ЛАГ Плачковица, која заедно со партнерски ЛАГови од тие региони го имплементира проектот ТВИНЛАГ, поддржан од програмата PREPARE на ЕУ.





365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА










КОНЧЕ БЕСКРАЈНО УБАВО!


365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

